**20230991885**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Врз основа на член 24 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), министерот за транспорт и врски донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21 и 104/22), во член 15 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) За добивање на податоците и информациите потребни за структурните делови од документационата основа на урбанистичкиот план, од државните органи, единиците на локалната самоуправа, градот Скопје (за урбанистички планови што ги донесуваат општините во градот Скопје), институциите, установите и правните лица кои вршат јавни овластувања, односно работи од областа и дејности релевантни за програмирање на развојот и урбанистичкото планирање, од страна на донесувачот или изработувачот на урбанистичкиот план се доставуваат:

- планска програма на урбанистичкиот план (во онаа фаза од изработката и одобрувањето во која се наоѓа),

- важечки акт за планирање на просторот од соодветниот плански опфат (доколку го има),

- прелиминарна граница на планскиот опфат, исцртана на ажурирана геодетска подлога, како и природата на податоците и информациите што се релевантни за планирањето и

- доколку со планскиот опфат се зафаќаат нови земјоделски површини со барањето се доставува и друга документација релевантна за земјоделското земјиште (скица на плански опфат со графички приказ за земјоделското земјиште, список на индикации за катастарските парцели и спецификација на површината за деловите од катастарските парцели кога со планскиот опфат се зафаќа земјоделско земјиште кое влегува со делови од катастарската парцела).“

Член 2

Во член 20 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во случаите од член 54 ставовите (4) и (5) од овој правилник, изводот од урбанистички план ги содржи и комплементарите и алтернативните намени уредени во овој правилник.“

Член 3

Во член 52 по ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

„(7) Градбите и инсталациите од ставот (6) точка 8 на овој член се уредуваат со урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште оформено со донесени урбанистички планови или други урбанистичко плански односно урбанистичко проектни документации, кога се поставуваат на површини од дворното место на градежната парцела, при што тие се сметаат за комплементарни намени на сите изградени и

планирани градби од групата на класи на намени Г, во постапките за спроведувањето на донесените урбанистички планови или други видови урбанистичка планска односно урбанистичко проектна документација.

(8) За изработувањето на урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште со кој во дворното место од градежната парцела се уредуваат градбите и инсталациите од ставот (7) на овој член, без да биде уредено со посебна планска одредба во урбанистичкиот план или друг вид урбанистичко планска односно урбанистичко проектна документација, а со урбанистичкиот проект се уредува просторната диспозиција на градбите и инсталациите од ставот (7) на овој член, партерот, помошните градби и инфраструктурите во дворното место на парцелата, при што не се формира нова површина за градење, туку за обележување на фотонапонските панели и пратечките инсталации се користат партерната и инфраструктурната градежна линија од членот 101 ставовите (5) и (6) од овој правилник.

(9) Уредувањето на градбите и инсталациите од ставот (7) на овој член со урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште во планирани или изградени градежни парцели треба да биде во согласност со урбанистичките параметри што во планот се уредени за другите комплементарни намени, како што се внатрешните зелени инфраструктури, сообраќајните и другите инфраструктури.“

Член 4

Во член 54 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Со урбанистички проект за стопански и индустриски намени може да се предвидат фотонапонски електроцентрали во дворните места на изградени или планирани и неизградени стопански, индустриски и други техничко-технолошки или стопански намени од групата Г, како и на целите површини од градежни парцели оформени со донесени урбанистички планови или други урбанистичко плански односно урбанистичко проектни документации, или целите површини на катастарски парцели каде што детална регулација и парцелација во урбанистичкиот план не е изведена, кои според пристапноста, големината и формата ги исполнуваат условите за формирање на градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со урбанистички план се наменети за тие класи на намени, при што намената Е1.13 се смета за комплементарна намена без ограничувања на нејзината површина кај постојните градби, а кај нереализираните парцели таа се смета за алтернативна намена на целата површина на парцелата до реализација на планираната намена.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, кога фотонапонската електроцентрала се смета за алтернативна намена до почетокот на реализацијата на планираната основна намена, урбанистичкиот проект се изработува врз основа на извод од урбанистичкиот план во кој намената Е1.13 ќе биде наведена како алтернативна намена во изводот од урбанистичкиот план за секоја конкретна локација согласно член 20 од овој правилник.“

Член 5

Во член 55 по ставот (4) се додава ставот (5), кој гласи:

„(5) Со урбанистичкиот проект за инфраструктура се разработуваат градежно-техничките елементи на сообраќајните и другите инфраструктури, како и надземните објекти кои припаѓаат на инфраструктурните системи, кои се неопходни за реализација на објектите што се уредуваат со различните урбанистички проекти од член 51 став (4) точки 1, 2, 3 и 5 од овој правилник и урбанистичкиот проект од член 51 став (5) од овој правилник, при што содржината на елементите од урбанистичкиот проект за инфраструктура можат да бидат дел од урбанистичкиот проект со кој се уредува објектот.“

Член 6

Во член 58 став (3) во точката 14 зборот „мали“ се брише, а во алинејата 2 зборовите „фотоволтаични плантажи“ се заменуваат со зборовите „фотонапонска електроцентрала“.

Член 7

Во член 59 во ставот (4) по зборот „градби“ точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „односно проектниот дел за архитектонски градби се содржи од архитектонски идеен проект, за инженерски градби и градежни инфраструктури се содржи од градежен идеен проект, а за електротехнички односно машински градби се содржи од соодветните електротехнички и машински идејни проекти.“

Ставот (6) се менува и гласи:

„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план освен деловите од ставовите (2) и (3) на овој член содржи и документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба. За добивање на податоците и информациите потребни за структурните делови од документационата основа на урбанистичкиот проект од државните органи, единиците на локалната самоуправа, градот Скопје (за урбанистички планови што ги донесуваат општините во градот Скопје), институциите, установите и правните лица кои вршат јавни овластувања односно работи од областа и дејности релевантни за програмирање на развојот и урбанистичкото планирање, од страна на донесувачот или изработувачот на урбанистичкиот проект се доставуваат:

- проектна програма на урбанистичкиот проект (во онаа фаза од изработката и одобрувањето во која се наоѓа),
- важечки акт за планирање на просторот од соодветниот проектен опфат (доколку го има),
- прелиминарна граница на проектниот опфат, исцртана на ажурирана геодетска подлога, како и природата на податоците и информациите што се релевантни за планирањето и
- доколку со проектниот опфат се зафаќаат нови земјоделски површини со барањето се доставува и друга документација релевантна за земјоделското земјиште (скица на проектен опфат со графички приказ за земјоделското земјиште, список на индикации за катастарските парцели и спецификација на површината за деловите од катастарските парцели кога со проектниот опфат се зафаќа земјоделско земјиште кое влегува со делови од катастарската парцела).“

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Содржината на урбанистичките проекти од став (1) на овој член се одредува поединечно за секој зафат во фазата на изработувањето на проектната програма и зависи од видот на урбанистичкиот проект, како и од видот и карактеристиките на градбите што се предметот на уредувањето на урбанистичкиот проект.“

Ставот (8) станува став (9).

Член 8

Во член 77 став (1) во точката Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА потточката Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија се менува и гласи:

„Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија“.

Потточката Г2.8 - Топлани за комунално греење се менува и гласи:

„Топлани за комунално греење, генераторски станици, ладилници, постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија на природен гас и/или обновливи извори“.

Во Потточката Г4.5 - Складишта, резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати, хемиски соединенија по зборовите „хемиски соединенија“ се додаваат зборовите „и градби за чување и складирање на енергија“.

Во точката Е – ИНФРАСТРУКТУРИ во потточката Е3.3 - Специјални инфраструктури за воени потреби: воени утврдувања, бункерски пунктови, воени стрелишта и полигони, подземни и надземни складишта за муниција и експлозивни средства по зборовите „експлозивни средства“ се става запирка и се додаваат зборовите „јавни засолништа“.

Член 9

Во член 80 став (5) по алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- фотонапонска електроцентрала односно намената Е1.13, при што оваа комплементарност се применува и на изградени и испланирани градби и комплекси со уредена намена од групата на класи на намени Г-рударство, енергетика, индустрија, “

Член 10

Во член 82 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Намената Е1.13 фотонапонска електроцентрала може да се смета за алтернативна намена за сите нереализирани парцели за кои во урбанистички план или друг вид урбанистичко планска односно урбанистичко проектна документација е уредена намена од групата на класи на намени Г-рударство, енергетика, индустрија и може да се употребува како алтернативна намена согласно став (3) на овој член до реализација на основната намена уредена во планот или друг вид урбанистичка документација.“

Член 11

Во член 83 по ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:

„(12) Класата на намени Е1.13 – фотонапонска електроцентрала е компатибилна со класите на намени од групата на класи на намени Г-рударство, енергетика, индустрија.“

Ставовите (12) и (13) стануваат ставови (13) и (14).

Член 12

Во член 95 ставот (5) се менува и гласи:

„(5) По исклучок од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, со урбанистички план и урбанистички проект можат да се оформат градежни парцели или да се предвидат градби во парцела без пренаменување на земјиштето во градежно или да се предвидат градби без воопшто да се формира парцела (доколку се работи за инфраструктури, инсталации или други градби што не заградуваат, затвараат и покриваат простори), и тоа за специфични намени во природни средини вон населени места за коишто не се предвидува стандарден категоризиран сообраќаен пристап односно пристапот кон градбата е од некатегоризиран пат односно од пристапен пат, нужен или службен пристап, селски, земјоделски или шумски пат или пешачка патека, кои се патишта со завршна обработка од набиена земја, насипан или набиен чакал, кршен камен, макадам или трасирани и проодни нискотревни патеки.“

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Намените кои можат со урбанистички план да се предвидат вон населено место, на недостапни терени или во тешко достапни планински села од став (5) на овој член, за коишто по исклучок не се применуваат условите за формирање на градежна парцела уредени во ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ниту се применуваат стандардите за минимални димензии на сообраќајниот пристап уредени во овој правилник, се:

- А4.4 планинарски домови,
- А4.5 ловни домови, шумски куќи и истражувачки куќи,
- В6.1 археолошки локалитети и градби,
- В7.1 згради за караули и стражарски пунктови,
- Г3.7 ветерни електрани, мали хидроелектрани,
- одредени градби од класата на намени Г5 за сточарство и земјоделство,
- соодветни градби од групата на класи на намени Д зеленило, рекреација и меморијални простори,
- Е1.13 површински соларни и фотонапонски електроцентрали и
- градби од други намени што ги исполнуваат условите за исклучок од применување на условите за формирање на градежна парцела и на условите за минимални димензии за сообраќаен пристап уредени во овој правилник поради специфичниот начин на нивното функционирање и употреба и непристапност, како и поради непостоењето на потреба или исклучително ретката зачестеност на пристапниот моторен сообраќај.

(7) Специфичните услови за формирање на градежна парцела или за градење во катастарска парцела, како и за специфичностите на пристапниот пат или патека до градбите од став (6) на овој член се образложуваат во планската односно планско-проектната програма и се уредуваат во конкретниот урбанистички план односно урбанистички проект за секој случај поединечно.“

Член 13

Во член 117 ставот (3) се менува и гласи:

„Вредностите на процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето од став (2) на овој член се употребуваат како ориентација при одредувањето на нивните максимални вредности како планска одредба во урбанистички план.“

Член 14

Во член 122 во ставот (2) точката 4 се менува и гласи:

„При изработување и донесување на нов урбанистички план кога се одредува максимална височина на градбите по правило се почитуваат планските одредби за височина (како и другите параметри што ја уредуваат големината и функционалниот капацитет на планираната градба) што се уредени со важечкиот урбанистички план и со урбанистичкиот план од повисоко ниво на планирање.“

Точката 5 се менува и гласи:

„Максималната височина на градбите во новиот урбанистички план, како и другите параметри што ја уредуваат големината и функционалниот капацитет на планираната градба, во случаите од точка 4 на овој став, можат да се изменат во однос на оние уредени во важечкиот план, во случај кога во анализата на степенот и начинот на реализација на важечкиот план или во оценката на просторните можности за развој или во планската програма се утврди и елаборира дека димензионалните и/или функционалните параметри на градбите утврдени во важечкиот урбанистички план ги надминуваат просторните можности за развој на конкретното подрачје или нивното применување предизвикало нарушување на принципот на рамномерен развој и нарушување на соседските права,

девалвирање на материјалната и употребната вредност на соседните парцели и јавниот простор или на друг начин се нарушува јавниот интерес.“

Член 15

Во членот 156 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) За простори што за првпат се уредуваат со урбанистички план вон населено место се применуваат најмалите дозволени попречни профили на сообраќајната улична мрежа од членовите 146, 147, 148, 149, 150 и 151 од овој правилник, доколку со урбанистичкиот план се утврди исклучително ретка зачестеност на пристапниот моторен сообраќај во планскиот опфат со соодветни стручни елаборати или студии врз основа на кои се изработува документационата основа на планот. Најмалите дозволени попречни профили на сообраќајната улична мрежа од членовите 146, 147, 148, 149, 150 и 151 од овој правилник не се применуваат за градбите од членот 95 ставови (5) и (6) од овој правилник. “

Член 16

Во Прилогот табелата „КЛАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДБИ И НАМЕНИ“ се менува и гласи:

„

| Назив на група на класи на намени, класа на намени и намена | Ознака |
|---|---|
| **ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ** | |
| **Куќи за домување** | **А1** |
| Куќи со двор | **А1.1** |
| Семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи | **А1.2** |
| Семејни куќи во низа, споени ѕидови на меѓа од двете страни | **А1.3** |
| Семејни куќи со атриуми со повеќе споени ѕидови на меѓа | **А1.4** |
| Вили и резиденции | **А1.6** |
| Семејни куќи за времен престој – викенд куќи | **А4.3** |
| Планински или ловечки куќи | **А4.4, А4.5** |
| Куќи во состав на селски стопански двор | **А1.5** |
| Куќи за потребите на селскиот туризам | **А4.7** |
| **Згради за домување** | **А2** |
| Слободностоечки згради со двор | **А2.1, А2.2** |
| Згради за домување со споен ѕид | **А2.1, А2.2** |
| Згради за домување во низа | **А2.1, А2.2** |
| Сложени терасести згради | **А2.1, А2.2** |
| Станбени кули | **А2.1, А2.2** |
| Периметрални згради со внатрешен двор | **А2.1, А2.2** |
| Големи згради со сложена павиљонска основа | **А2.1, А2.2** |

| | |
|---|---|
| Големи згради во состав на сложени градби | **А2.3** |
| **Станбени комплекси** | **А1, А2** |
| Станбени комплекси со семејни куќи | **А1** |
| Станбени комплекси со згради | **А2** |
| **Градби за заедничко домување** | **А3** |
| Згради за престој на ученици | **А3.1** |
| Згради за престој на студенти – студентски домови | **А3.2** |
| Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица | **А3.3** |
| Згради за престој на работници | **А3.4** |
| Згради за деца без родители | **А3.5** |
| Згради за преноќување и исхрана на бездомници | **А3.6** |
| Згради за престој на избеглици | **А3.7** |
| Згради за престој на самци | **А3.4** |
| **Градби за времено сместување** | **А4, Б5** |
| Хотели | **Б5.2** |
| Хотели во состав на аеродромски комплекси | **Б5.2** |
| Хотели во состав на трговски комплекси | **Б5.3** |
| Хотелски комплекси | **Б5.1** |
| Мотели | **А4.2** |
| Хостели | **А4.1** |
| Пансиони | **А4.1** |
| Згради за времено сместување со апартмани и студија | **А4.1** |
| Планинарски домови, планински куќи | **А4.4** |
| Ловни домови, ловни куќи | **А4.5** |
| Кампови со бунгалови | **А4.6** |
| Спортски кампови | **А4.6** |
| Детски и младински кампови | **А4.6** |
| **Згради за сместување на војска** | **В7** |
| Згради за редовен престој на војска | **В7.1** |
| Згради за престој на резервен состав на војска | **В7.1** |
| Караули и стражарски единици | **В7.1** |
| Касарнски комплекси | **В7.1** |
| **Згради за присилен престој на луѓе** | **В7.2** |
| Притворни затвори | **В7.2** |
| Казненопоправни центри | **В7.2** |
| Затвори | **В7.2** |
| Затвори со посебно обезбедување | **В7.2** |
| **Згради за полиција и противпожарни единици** | **В7** |
| Полициски станици | **В7.3** |
| Згради за специјални полициски единици | **В7.3** |
| Противпожарни станици | **В7.4** |
| **ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ** | |

| | |
|---|---|
| **Угостителски згради** | **Б1, Б3** |
| Ресторани - мали | **Б1.5** |
| Ресторани - големи | **Б3.1** |
| Кантини - мали | **Б1.5** |
| Кантини - големи | **Б3.1** |
| Кафеани | **Б1.5** |
| Барови - мали | **Б1.6** |
| Барови - големи | **Б3.3** |
| Ноќни клубови | **Б3.3** |
| Дискотеки | **Б3.5** |
| Казина | **Б3.6** |
| Бифеи | **Б1.6** |
| Слаткарници | **Б1.7** |
| Кебачилници, сендвичари и други мали единици за храна | **Б1.5** |
| **Деловни згради** | **Б4** |
| Деловни згради со канцеларии и управни корпорациски згради | **Б4.1, Б4.2** |
| Администрации со шалтерски сали | **Б4.3** |
| Банки во згради | **Б4.5** |
| Пошти, телекомуникации | **Б4.3** |
| Осигурителни компании во згради | **Б4.4** |
| **Деловни згради со сали за собири** | **Б4** |
| Конференциски згради | **Б4.6** |
| Конференциски и конгресни центри | **Б4.6** |
| Деловно-конференциски комплекси | **Б4.6** |
| **Згради на органите на државната власт** | **В4** |
| Министерства | **В4.1** |
| Агенции, управи, дирекции, регулаторни тела | **В4.6** |
| Администрации со шалтер сали: здравствени, пензиски и други | **В4.6** |
| Владини управни комплекси | **В4.1** |
| Згради на органите на локалната самоуправа | **В4.8** |
| **Згради на судската власт со сали за повеќе луѓе** | **В4.2** |
| Судови до 6 сали | **В4.2** |
| Големи судови над 6 сали | **В4.2** |
| Парламентарни згради | **В4.3** |
| Згради на дипломатски претставништва | **В4.7** |
| Згради на меѓународни организации | **В4.9** |
| Амбасадски комплекси | **В4.7** |
| **Згради за трговија** | **Б2** |
| Мали објекти за трговија со мешана стока | **Б1.4** |
| Мали објекти за трговија со специјализирана стока | **Б1.1 Б1.3** |
| Трговски згради и стоковни куќи | **Б2.3** |
| Големи специјализирани салони (автомобили, мебел и сл.) | **Б2.5** |
| Супермаркети за храна и домашни потреби | **Б2.4** |
| Отворени трговски центри во комплекс | **Б2.2** |

| | |
|---|---|
| од повеќе градби | |
| Затворени трговски центри во една сложена градба | **Б2.2** |
| Саемски комплекси | **Б6.4** |
| Саемски хали | **Б6.4** |
| Покриени и/или затворени зелени пазари | **Б2.1** |
| Згради за трговина на големо | **Б2.6** |
| Хали за трговија на големо | **Б2.6** |
| Складишта затворени најмалку од 3 страни | **Б2.6** |
| **ЗГРАДИ ЗА КУЛТУРА** | |
| **Згради со сали за голем аудиториум** | **В3** |
| Концертни сали | **В3.7** |
| Филхармонии | **В3.7** |
| Театри | **В3.2** |
| Опери, балети | **В3.8** |
| Кина и кинотеки | **В3.5** |
| Вариетеи | **В3.9** |
| Циркуси | **В3.9** |
| **Згради со сали за изложби и изведби** | **В3** |
| Изложбени галерии | **В3.4** |
| Згради во зоолошки градини | **В3.10** |
| Згради за комбирнирани мултимедиски настани | **В3.4** |
| Згради во забавни паркови | **В3.10** |
| Сали за играње и танцови | **В3.9** |
| **Комплекси за културни дејности и забава** | **В3** |
| Комбинирани културни центри | **В3.6** |
| Културни домови | **В3.6** |
| Комплексни забавни паркови | **В3.10** |
| Синеплекси | **В3.1** |
| Зоолошки градини | **В3.10** |
| **Згради за спорт, спортски настани и други масовни настани** | **Б6** |
| Кошаркарски хали | **Б6.2** |
| Ракометни хали | **Б6.2** |
| Хали и арени за тенис | **Б6.2** |
| Хали за повеќе спортови | **Б6.3** |
| Хали за атлетски дисциплини | **Б6.2** |
| Спортски базени, пливалишта и скокалишта | **Б6.2** |
| Стадиони за фудбал | **Б6.1** |
| Арени за фудбал и атлетика | **Б6.1** |
| **Згради за чување и излагање на културна и научна граѓа** | **В3** |
| Специјализирани музеи | **В3.3** |
| Музејски комплекси | **В3.3** |
| Уметнички галерии | **В3.4** |
| Библиотеки | **В3.5** |
| Информативно-документарни центри | **В3.5** |
| Згради за чување на архивска граѓа | **В4.6** |

| | |
|---|---|
| **ЗГРАДИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | |
| Згради за предшколско образование и грижа | **B2.8** |
| Јасли | **B2.8** |
| Градинки | **B2.8** |
| Специјализирано образование и нега | **B1.1** |
| **Згради за основно образование** | **B1** |
| Основни школи | **B1.1** |
| Специјални школи за хендикепирани деца | **B1.1** |
| **Згради за средно образование** | **B1** |
| Гимназии | **B1.2** |
| Специјализирани средни школи | **B1.2** |
| Технички, индустриски и други стручни школи | **B1.2** |
| Непрофесионални школи, за специјална професионална обука | **B1.2** |
| **Згради за високо образование** | **B1** |
| Универзитети | **B1.3** |
| Универзитетски комплекси | **B1.3** |
| Универзитетски кампуси со престој на студенти | **B1.3** |
| Факултети | **B1.3** |
| Уметнички академии | **B1.3** |
| Високи и виши школи | **B1.3** |
| Згради за вечерно, дополнително и континуирано образование | **B1.4** |
| **Згради за научни дејности** | **B1** |
| Научни институции, научно истражувачки центри | **B1.5** |
| Научно-истражувачки лаборатории | **B1.6** |
| Опсерватории | **B1.6** |
| Метеоролошки станици | **B1.6** |
| **ЗГРАДИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ** | |
| **Болници** | **B2** |
| Општи болници | **B2.4** |
| Специјални болници | **B2.4** |
| Хируршки болници | **B2.1** |
| Универзитетски болници | **B2.1** |
| Затворски болници | **B2.2, B2.3** |
| Војно-медицински установи | **B2.1 B2.2 B2.3** |
| **Клиники** | **B2** |
| Државен клинички центар | **B2.1** |
| Универзитетски клинички центар | **B2.1** |
| Градска поликлиника | **B2.1 B2.3** |
| Клиничка болница | **B2.1 B2.3** |

| | |
|---|---|
| Клиники за терминални болести | **В2.1**<br>**В2.3** |
| **Санаториуми** | **В2** |
| Санаториуми и други болници за долг престој и нега | **В2.6** |
| Психијатриски санаториуми и други установи за престој и нега | **В2.6** |
| **Амбуланти** | **В2** |
| Општи амбуланти | **В2.2** |
| Специјализирани амбуланти | **В2.2** |
| Амбуланти за брза помош | **В2.2** |
| **Дијагностички центри** | **В2** |
| Општи дијагностички центри | **В2.3** |
| Дијагностички лаборатории | **В2.3**<br>**Б1.13** |
| **Згради на домови на здравјето и други здравствени институции** | **В2** |
| Здравствени домови | **В2.5** |
| Епидемиолошки заводи | **В2.5** |
| Центри за јавно здравје | **В2.5** |
| Медицински ординации | **Б1.13**<br>**В2.2** |
| Центри за трансфузија | **В2.2**<br>**В2.5** |
| **Ветеринарски институции од урбан тип**<br>**(миленичиња)** | **В2** |
| Ветеринарски болници | **В2.9** |
| Ветеринарски станици | **В2.9** |
| Ветеринарски болници со стационар | **В2.9** |
| Ветеринарски ординации | **В2.9** |
| **ЗГРАДИ ЗА ОБРЕДИ И ПАМЕТНИЦИ** | |
| **Градби за вршење на верски и други обреди** | **В5** |
| Цркви | **В5.1** |
| Џамии | **В5.2** |
| Синагоги | **В5.3** |
| Манастири | **В5.4** |
| Текиња | **В5.5** |
| Други верски институции | **В5.6** |
| Капели и згради за испраќање на умрени | **Е2.8** |
| Мртовечници | **Е2.8** |
| Крематориуми | **Е2.8** |
| Гробишта на озеленети простори | **Д4.3** |
| **Градби од културното наследство**<br>**и паметници** | **В6** |
| Заштитени археолошки градби или остатоци од градби | **В6.1** |
| Археолошки комплекси, делови од историски населени места | **В6.2** |
| Заштитени предисториски градби<br>и наоѓалишта | **В6.3** |
| Споменици | **В6.4** |
| Меморијални паркови со паметници | **Д4.2** |

| | |
|---|---|
| **ИНДУСТИСКИ ЗГРАДИ ОД ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** | |
| Згради од прехрамбената индустија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.2** |
| Згради од текстилната индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.4** |
| Згради од дрвната индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.7** |
| Згради од тутунската индустрија – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.2** |
| Згради од лесната градежна индустрија– фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично, погони и бази за производство на асфалт и бетон | **Г2.1** |
| Згради од за преработка на кожа и обувки – фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично | **Г2.2** |
